# ЗАПИСНИК
## од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.05.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Весна Симоновска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Александар Џуваревиќ, м-р Аргенд Џелили.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 18-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-дневниот ред објасни дека точката која е предложена под Разно со наслов - Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година ќе ја стави како Точка бр.6 а потоа точките кои по неа следат ќе се поместат за една точка погоре. За дополнувањето објасни дека има логична причина затоа што прво треба да се направи измена во финансискиот план а потоа да се дополни Годишниот план за јавни набавки.

Советот на Агенцијата, со предложената измена, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 21.04.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 21.04.2020 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2020 година.

4. Предлог за изрекување мерка на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за изрекување мерка на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
6. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година.
7. Предлог за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.
9. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 21.04.2020 година.

Г-дин Јанчески во врска со воведот на записникот рече дека реченицата во вториот пасус која започнува „Објасни дека на седницата само г-дин Јанчески беше отсутен...“ рече дека е нејасна и предложи да се додаде дека „.. на 11-та седница само г-дин Јанчески беше отсутен..“, бидејќи е двосмислена и може да се протолкува дека и на двете седници бил отсутен.

Г-дин Петрушевски се согласи со предложената забелешката.

Советот на Агенцијата со предложената корекција од г-дин Јанчески, едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 21.04.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 21.04.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го рагледа и едногласно го усвои Записникот од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека на 21, 22, 30, 31 март и на 1, 2 и 3 април 2020 година, играниот серијал „Сестри" беше погрешно класификуван како програма од втора категорија. Поголемиот проблем беше што овој серијал се емитуваше и во текот на денот по 14 или 15 часот и во една од репризните изданија воопшто немаше најава за категоризација на програмата и се емитуваа сцени со семејно насилство односно долготрајни сцени на брутално психо-физичко злоставување. Од таа причина се предлага на радиодифузерот да му се изрече мерка јавна опомена. Додаде дека радиодифузерот ТВ Сител се нема изјаснето по ова констатирано прекршување.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице) бр.10-1924/1 од 13.04.2020 година и едногласно заклучи на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 21, 22, 30, 31 март и на 1, 2 и 3 април 2020 година, играниот серијал „Сестри" беше погрешно класификуван како програма од втора категорија а одредени премиерни изданија и сите репризи беа емитувани во погрешен временски период од деноноќието.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека радиодифузерот емитувањето на двата играни филмови ги означил со категоризација 8+ а треба да бидат со 16+ односно не се емитувани по 22 часот. Во врска со прекршувањето информира дека остварил разговор со директорот и главен и одговорен уредник на ТВ Телма кој му објаснил дека истите овие филмови согласно продуцентот се

означени со 16+ и во кино прикажување исто се означени како 16+. Посочи дека во оваа ситуација воопшто не сака да ја оспори стручноста на вработените во Секторот за програмски работи, меѓутоа станува збор за различни ставови на продуцентот и вработените од секторот кои ја оценувале категоризацијата во овие два филма. Со оглед на фактот дека станува збор за вонредна состојба заради пандемијата која ја зафати нашата држава и најголем дел од светот и сите стопански и не стопански субјекти и медиумите се во многу тешка финансиска состојба и со оглед на фактот дека продуцентот ги означил филмовите со 16+ и така се прокажувани во кино салите предложи иако ова е втор прекршок на овој радиодифузер оваа година, да му се изрече мерката јавна опомена.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија. Посочи дека предлогот на директорот е да не бидат строги до крај во изрекување на мерки со оглед на состојбата и праша дали се согласуваат.

Г-дин Трајчев постави прашање до директорот г-дин Трајчевски дали Советот има право во случај кога Законот предвидел после една изречена јавна опомена да следи покренување на прекршочна постапка и кога Стручната служба тврди сосема спротивно, да изрече повторно јавна опомена?

Г-дин Трајчевски објасни дека Стручната служба не тврди, таа изработува извештај. Воспоставена е пракса во Агенцијата дека предлозите на Стручната служба се прифаќаат. И до сега во овој состав на Советот само еднаш не е прифатен извештајот од Стручната служба, тоа е во периодот на референдумот кога 4-5 радиодифузери го повторија прекршокот но бидејќи прекршувањата беа многу мали, пречекорувањето на лимитите беа во секунди, не се изрече прекршочна постапка туку им се изрече јавна опомена. Стручната служба изработува извештај од надзор и тој како директор доставува предлог до Советот. Негов став е дека е точно, дека е констатиран прекршок, меѓутоа постојат дилеми затоа што од самиот продуцент и самото кино прикажување, филмовите кои се емитувани на ТВ Телма се означени со 16+. Тоа остава можност односно дилема кај радиодифузерот дали да ја почитува категоризацијата на продуцентот или на категоризацијата која ги направиле вработените согласно надзорот на содржините. Од таа причина неговиот предлог до Советот е да се изрече мерка јавна опомена а Советот може да одлучи дали ќе го прифати неговиот предлог или нема да го прифати. Советот гласа по предлогот кој го доставува директорот а тој смета дека поради оваа ситуација, прво поради економската ситуација од пандемијата и второ затоа што постојат различни ставови на продуцентот и службата за категоризација на програмата, да се констатира дека е направен прекршок но да не се поведе прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека според дискусијата засега има само еден предлог од директорот да се изрече мерка јавна опомена и дилема и прашање од г-дин Трајчев.

Г-дин Фетаи рече дека ова ќе биде вторпат како Советот одлучува поинаку од извештајот со овие аргументи што ги даде директорот. Објасни дека принципиелно секогаш кога е можно ако има законска основа се залага да се одлучат за поблаги мерки. И во овој случај тоа го поддржува имајќи го предвид и тоа што го кажал г-дин Трајчев. Ако имаат правна основа но да не направат преседан па секогаш да ги менуваат извештаите на Стручната служба. Со аргументите кои ги кажал директорот го прифаќа предлогот да одлучуваат за поблага мерка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице) бр.10-2057/1 од 29.04.2020 година и имајќи предвид дека радиодифузерите работат во отежнати услови поради вонредната состојба наместо да биде поведена прекршочна постапка со 5 гласа „за" од г-дин Петрушевски, г-дин Фиданоски, г-дин Фетаи, г-дин Ајдини и г-ѓа Машовиќ и два воздржани гласа од г-дин Јанчески и г-дин Трајчев заклучи на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 17, 18 и 20 април 2020 година, играните филмови „Соба со пијано" и „Три дена во септември" беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+), и беа емитувани во несоодветен временски период од денонoќието – првоспоменатиот пред 22 часот а второспоменатиот пред 20 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надеваат дека ТВ Телма направила еден превид и дека нема во иднина да го повтори. Посочи дека ова е уште еден, трет придонес за медиумите од страна на Советот, поддршка на медиумите во оваа кризна состојба кога сите очекуваат во овие месеци финансиите да се намалат на сите субјекти во државата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година. Објасни дека станува збор за дополнителна не планирана набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот, за вработените но и за странки кои би доаѓале во Агенцијата поради уредбите кои ги донесе Владата. Со оглед на фактот дека нема предвидено ваква јавна набавка а со тоа ни финансиски средства се предлага ребаланс на Финансиски план а со тоа и промена на Планот за јавни набавки. Во таа насока рече дека раководителката Весна Симоновска подетално ќе ги објасни ставките од каде што се изврши ребалансот.

Раководителката на Одделението за економско –финансиски работи Весна Симоновска објасни дека со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2020-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 243.132.275,00 денари. Со измените кои што се предлагаат, ќе се обезбедат средства во износ од 354.000,00 денари, наменети за набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот. Групната ставка 401 – Потрошена енергија ќе се намали за 354.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.100.000,00 денари, ќе изнесува 2.746.000,00 денари. Позицијата 401000 – Потрошена електрична енергија ќе се намали за 354.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 2.500.000,00 денари, ќе изнесува 2.146.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стока – електрична енергија за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка ќе се склучи договор со понизок износ од планираниот. Групната ставка 400 – Потрошени материјали ќе се зголеми за 354.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 2.499.000.000,00 денари, ќе изнесува 2.853.000,00 денари. Позицијата 400700 – Потрошени други материјали и суровини ќе се зголеми за 354.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 454.000,00 денари, ќе изнесува 808.000,00 денари. Се работи за зголемување на средства кои се наменети за набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот.

Г-дин Трајчевски објасни дека средствата се 300.000,00 денари плус ДДВ.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2020-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Со ребалансот на финансискиот план за 2020-та година се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 354.000,00 денари, наменети за набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/3 од 02.04.2020 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за набавка на стока – Заштитни средства за превенција од Корона вирусот неопходно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-460/3 од 02.04.2020 година, да се дополни на следниот начин:

- во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, по точката 6, се додава една нова точка 7, која ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Заштитни средства за превенција од Корона вирусот | мај | стока | Набавка од мала вредност | 300.000,00 |

Редоследот на сите точки што следуваат по ново додадената точка 7 ќе се поместат за еден број погоре.

За горенаведеното предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/3 од 02.04.2020 година, средствата во целост се обезбедени со Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Службата за јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“ објасни дека се работи за многу мала вредност некаде 59 илјади денари на годишно ниво и ако се подели на 12 месеци ќе произлезат по 5 илјади денари месечно за одржување.

Г-дин Трајчевски објасни дека станува збор за стандардна набавка од 2012-13 година па наваму.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа набавка се повторува 7-8 години, се работи за многу мала вредност и притоа се користат серверите на АЕК а АВМУ само го плаќа одржувањето на фирмата околу 5-6 илјади денари месечно. Ова е ефтин износ инаку во спротивно требаше околку 50 илјади евра да се дадат ако беше на сервери на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“ е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/3 од 02.04.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2076/7**
**15.05.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**